27. ФИНАЛЕ НА КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНИЈА ЃП
VS
АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ

НАЦИОНАЛНА АРЕНА „ТОДОР ПРОЕВСКИ“ ВО СКОПЈЕ. • 22 МАЈ 2019 ГОДИНА • ПОЧЕТОК 18:30 ЧАСОТ

ПРИЛОГ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

OFFICIAL SUPPLIER

JAKO

TRIKOT DERBY
FOR YOUR TEAM

ПОЧИТУВАНИ ПРИЈАТЕЛИ НА ФУДБАЛОТ,

Добредојдовте на Националната арена „Тодор Проевски “ за финалето од Купот на Македонија меѓу екипите на Македонија Ѓ.П. и Академија Пандев. Задоволство е да им честитаме на двата тима за пласманот во големото финале. Без сомнение, пласманот во мечот за титулата од Купот на Македонија е резултат на вложениот труд и напорна работа и сите кои дале придонес за овој пласман можат да бидат горди. Им честитам на фудбалерите, тренерите, управата на двата клуба, целокупниот технички и лекарски тим, како и на сите навивачи. Посакувам да продолжат да работат одлучно и мотивирано.

Во име на Фудбалската федерација на Македонија, упатувам благодарност до Македонија Ѓ.П. и Академија Пандев за помошта во ширењето на позитивните пораки за фудбалот и поддршката која ја даваат за нашата игра која сите не обединува.

Нека победи подобриот во фер-игра и со почит кон фудбалските вредности. Бодрете го својот тим на вистински начин. Им посакувам многу успех на фудбалерите на двата тима.

Спортски поздрав,
Муамед Сејдини

претседател на Фудбалска федерација на Македонија

Të nderuar miq të futbollit,

Mirësevini në Arenën Nacionale “Todor Proevski” për finalen e Kupës së Maqedonisë ndërmjet skuadrave të Makedonija Gj.P. dhe Akademia Pandev. Është kënaqësi tu urojmë dy ekipeve kualifikimin në finalen e madhe. Pa dyshim, kualifikimi në duelin për titullin e Kupës është rezultat i angazhimit dhe punës së lodhshme, prandaj të gjithë që kanë kontribuar për këtë rezultat duhet të jenë krenarë. Përgëzoj futbollistët, trajnerët, udhëheqësitë e dy klubeve, komplet ekipet teknike dhe mjekësore, si dhe gjithë tifozëve të skuadrave finaliste. Uroj të vazhdojnë të punojnë me vendosshmëri dhe motivim. Në emër të Federatës së futbollit të Maqedonisë përcjell falemenderim deri te Makedonija Gj.P. dhe Akademia Pandev për mbështetjen drejt shpërndarjes së mesazheve pozitive për futbollin dhe suportin që japin për lojën që na bashkon të gjithëve. Le të fitojë më i miri në një lojë korrekte dhe me respekt për vlerat e futbollit. Mbështetni ekipin tuaj në mënyrë të vërtetë. Ju dëshiroj shumë sukses futbollistëve të të dyja skuadrave.

Përshendetje sportive,
Muamed Sejdini

President i Federatës së futbollit të Maqedonisë

„ЛАВОВИТЕ“ ПО ТРЕТПАТ ВО ФИНАЛЕТО, „ПАНДЕВЦИ“ ДЕБИТАНТИ

ПЕХАРОТ ВО ЃОРЧЕ ИЛИ СТРУМИЦА?

Време е за нова „куп приказна“, по онаа на Шкендија, секако на Пелистер, во изминатите две години, време е за Македонија ЃП и Академија Пандев. Екипи кои апсолутно заслужено се најдоа во завршниот меч во нашето најмасовно фудбалско натпреварување. На Арената „Тодор Проевски“ во среда од 18:30 часот, се среќаваат екипите кои и тоа како има што да покажат. Искуството на „лавовите“ или младоста на „пандевци“? Што ќе пресуди? Ќе видиме по мечот, по големото куп финале бр.27 во самостојна Македонија. Нема трето, на пехарот ќе се израдува цело Ѓорче или пак Струмица. Македонија ЃП по третпат ќе игра еден ваков натпревар во својата историја. Во 2006 година успеа со 3:2 да слави над Шкендија, три години подоцна загуби од Работнички на пенали. На Академија Пандев во својата куса клупска историја ова и е најголемиот меч досега, секако дека палци ке стиска и сопственикот на клубот Горан Пандев, капитенот на нашата репрезентација.

Ова финале ќе донесе многу емоции, во ова финале ќе ја гледаме бразилската колонија во Македонија ЃП, потпомогната од искусните и прекалени Стјепановиќ, Божиновски, Кировски. На другата страна повременият репрезентативец Дориев, потоа Сашко Пандев, Стоилов, Стојкоски, Шиков и останатите. Се надеваме, веруваме во фудбалски спектакл, во меч кој ќе се раскажува со денови, месеци, години. Шармот што ги носи овие финални дуели е нешто посебно. Тука адреналинот ќе игра своја улога, тука нема замор, нема посебни тактики. Има само голема, огромна желба за победа. Се разбира на задоволство на публиката, на фановите на двете екипи.

Фудбалската Федерација, како и во изминатите 26 години и сега максимално подготвена го дочекува натпреварот на сезоната. Преземени се сите мерки за едно големо уживање... се разбира на фудбалски начин...

И се во име на фудбалот.

ФК МАКЕДОНИЈА ЃП

Град: Скопје
Претседател: Љупчо Копчаровски
Тренер: Александар Таневски
Титули: 1 (првенство), 1 куп
Боја на опремата:
жолто - црвена (резервна е жолтата)

Марко Јовановски
ГОЛМАН

Роден: 24.07.1988

Стојан Димовски
ГОЛМАН

Роден: 19.09.1982

Бианор Нето
ОДБРАНА

Роден: 28.06.1994

Филип Мишевски
ОДБРАНА

Роден: 01.11.1991

Матос Гама Лукас
ОДБРАНА

Роден: 01.12.1994

Христијан Пецов
ОДБРАНА

Роден: 30.04.1994

Изалдо Браз
ОДБРАНА

Роден: 03.06.1993

Филип Стојановски
ОДБРАНА

Роден: 01.12.1996

Боби Божиновски
СРЕДЕН РЕД

Роден: 24.02.1981

Да Силва Робсон
СРЕДЕН РЕД

Роден: 14.07.1995

Дејан Тантуровски
СРЕДЕН РЕД

Роден: 12.08.1992

Остоја Стјепановиќ
СРЕДЕН РЕД

Роден: 17.01.1985

Филип Стојчевски
СРЕДЕН РЕД

Роден: 04.02.1999

Мартин Блажевски
СРЕДЕН РЕД

Роден: 13.05.1992

Христијан Филиповски
СРЕДЕН РЕД

Роден: 02.10.1996

Михајло Јакимовски
НАПАД

Роден: 16.04.1996

Илирид Адеми
НАПАД

Роден: 04.03.1995

Христијан Костовски
НАПАД

Роден: 15.12.1995

Бенјамин Демир
НАПАД

Роден: 16.05.1996

Христијан Кировски
НАПАД

Роден: 12.10.1985

Паду Карваљо
НАПАД

Роден: 31.10.1997

Александар Таневски
ТРЕНЕР

Роден: 24.07.1983

ФК АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ

Град: Струмица
Сопственик: Горан Пандев
Претседател: Илија Матеничаров
Тренер: Југослав Тренчовски
Титули: /
Боја на опремата:
сино - бела (резервна е сината)

Фудбалска Академија Football Academy ПАНДЕВ PANDEV Strumica 2010

Душан Чубраковиќ — ГОЛМАН

Роден: 21.07.1995

Давид Денковски — ГОЛМАН

Роден: 17.08.2000

Стефан Костов — ОДБРАНА

Роден: 31.10.1996

Томислав Илиев — ОДБРАНА

Роден: 02.12.1993

Ване Јованов — ОДБРАНА

Роден: 28.12.1998

Ванче Шиков — ОДБРАНА

Роден: 19.07.1985

Глигор Дончев — ОДБРАНА

Роден: 04.05.1998

Михаил Маневски — ОДБРАНА

Роден: 25.02.1995

Давид Атанасковски — ОДБРАНА

Роден: 21.10.1996

Филип Трајановски — ОДБРАНА

Роден: 21.03.1999

Диме Димов — ОДБРАНА

Роден: 25.97.1994

Ристе Темелков — СРЕДЕН РЕД

Роден: 02.10.1997

Ѓорѓи Стоилов — СРЕДЕН РЕД

Роден: 25.08.1995

Горан Томовски — СРЕДЕН РЕД

Роден: 21.07.1998

Кристијан Иванов — СРЕДЕН РЕД

Роден: 21.05.1995

Филип Михаилов — СРЕДЕН РЕД

Роден: 10.07.1998

Љупче Дориев — НАПАД

Роден: 13.09.1995

Сашко Пандев — НАПАД

Роден: 01.05.1987

Марио Крстовски — НАПАД

Роден: 03.04.1998

Стојанче Велинов — НАПАД

Роден: 03.09.1989

Даниел Миловановиќ — НАПАД

Роден: 10.08.1998

Ацо Стојков — НАПАД

Роден: 29.04.1983

Александар Мишов — НАПАД

Роден: 21.07.1998

Кристијан Стојкоски — НАПАД

Роден: 17.09.1991

Југослав Тренчовски — ТРЕНЕР

Роден: 29.11.1976

GORSKA®
water

Тајната на изворот

ИСТОРИЈАТ И ЗАНИМЛИВОСТИ

ОД ВАРДАР ПА ДО МАКЕДОНИЈА ЃП ИЛИ А. ПАНДЕВ...

Во среда на 22 мај се игра 27 финале во Купот на Македонија. Се среќаваат Македонија ЃП и А. Пандев. А се започна на 24 мај 1993 година кога Вардар успеа да го победи Пелистер со 1:0 во првото финале. Потоа се играа уште 25 финални мечеви, имаше од се помалку, и голови, пресврти, пенали, секако второ финале се играше по дожд, како она последното во Струмица. Во секој случај секое финале одбележа по една сезона, да се надеваме дека така ќе биде и во среда.

СИТЕ ОСВОЈУВАЧИ	
5	ВАРДАР
4	РАБОТНИЧКИ
3	СЛОГА Ј
2	СИЛЕКС
	ТЕТЕКС
	ПЕЛИСТЕР
	ШКЕНДИЈА
1	ПОБЕДА
	ЦЕМЕНТАРНИЦА
	БАШКИМИ
	МАКЕДОНИЈА ЃП
	РЕНОВА
	МЕТАЛУРГ

СИТЕ ДОСЕГАШНИ ФИНАЛИЊА

1993 – СКОПЈЕ:	ВАРДАР – ПЕЛИСТЕР	1:0
1994 – СКОПЈЕ:	СИЛЕКС – ПЕЛИСТЕР	1:1 (3:1 П)
1995 – СКОПЈЕ:	ВАРДАР – СИЛЕКС	2:1
1996 – СКОПЈЕ:	СЛОГА Ј – ВАРДАР	0:0 (5:3 П)
1997 – КАВАДАРЦИ:	СИЛЕКС – СЛОГА Ј	4:1
1998 – СКОПЈЕ:	ВАРДАР – СЛОГА Ј	2:0
1999 – СКОПЈЕ:	ВАРДАР – СЛОГА Ј	2:0
2000 – ПРИЛЕП:	СЛОГА Ј – ПОБЕДА	6:0
2001 – СКОПЈЕ:	ПЕЛИСТЕР – СЛОГА Ј	1:0
2002 – СТРУМИЦА:	ПОБЕДА – ЦЕМЕНТАРНИЦА	3:1
2003 – СКОПЈЕ:	ЦЕМЕНТАРНИЦА – СЛОГА Ј	4:4 (3:2 П)
2004 – СКОПЈЕ:	СЛОГА Ј – НАПРЕДОК	1:0
2005 – СКОПЈЕ:	БАШКИМИ – МАЏАРИ	2:1
2006 – СКОПЈЕ:	МАКЕДОНИЈА ЃП – ШКЕНДИЈА	3:2
2007 – СКОПЈЕ:	ВАРДАР – ПОБЕДА	2:1
2008 – СКОПЈЕ:	РАБОТНИЧКИ – МИЛАНО	2:0
2009 – СКОПЈЕ:	РАБОТНИЧКИ – МАКЕДОНИЈА ЃП	1:1 (6:5 П)
2010 – СКОПЈЕ:	ТЕТЕКС – РАБОТНИЧКИ	3:2
2011 – ПРИЛЕП:	МЕТАЛУРГ – ТЕТЕКС	2:0
2012 – ШТИП:	РЕНОВА – РАБОТНИЧКИ	3:1
2013 – СКОПЈЕ:	ТЕТЕКС – ШКЕНДИЈА	1:1 (6:5 П)
2014 – СКОПЈЕ:	РАБОТНИЧКИ – МЕТАЛУРГ	2:0
2015 – СКОПЈЕ:	РАБОТНИЧКИ – ТЕТЕКС	2:1
2016 – СКОПЈЕ:	ШКЕНДИЈА – РАБОТНИЧКИ	2:0
2017 – СТРУМИЦА:	ПЕЛИСТЕР - ШКЕНДИЈА	0:0 (4:3 П)
2018 - СТРУМИЦА:	ШКЕНДИЈА - ПЕЛИСТЕР	3:0
2019 - СКОПЈЕ:	МАКЕДОНИЈА ЃП - А.ПАНДЕВ	???

ИСТОРИЈАТ – ЗАНИМЛИВОСТИ...

- Купот се враќа во Скопје. По двете последни финалиња кои се одиграа во Струмица, во среда по 20 пат се игра на Националната Арена „Тодор Проевски“. За првпат со новото име

- Досега имало десет финалиња на Арената од кои едната екипа е скопска а другата доаѓа од надвор. Билансот 7:3 за скопските, односно „домашните“ екипи

- Никој досега нема три победи во финалето во серија. Шкендија имаше можност оваа година да биде првата, но ете испадна во 1/4 финалето од Победа. Интересно е тоа што по три финалиња во серија, тетовци нема да ги гледаме како финалисти. Покрај Шкендија по две титули во Купот во серија имаат Вардар и Работнички

-Првото финале во самостојна Македонија се одигра во мај во 1993 година во Скопје. На тогаш Градскиот стадион Вардар со голот на Жанко Савов, го победи Пелистер со 1:0 и го освои драгоценниот пехар

-Ова е 27 финале. Најуспешен е Вардар со 5 трофеи, следува Работнички со 4, потоа Слога Ј со 3, Силекс,Тетекс, Шкендија и Пелистер имаат по два, додека Победа, Цементарница, Шкендија, Ренова, Башкими, Металург, Македонија ЃП.

-Најмногу куп финалиња има Слога Ј (денешно Шкупи), осум пат чаирчани играле вакви мечеви, но само три пати се радувале. Следува Работнички со седум финалиња во кои четири пати го освојувал пехарот, па Вардар со шест финални средби. За Македонија ЃП ќе биде трето, за А. Пандев пак прво

-Најмногу гледачи имало на првото финале, тогаш во 1993 година кога играа Вардар и Пелистер на трибините имаше повеќе од 25.000 љубители на фудбалот

-Засега само Тони Јакимовски и Влатко Костов се радувале на пехарот и како играчи, но и како тренери

-Есад Чолаковиќ, со Слога Ј, Маџари и Работнички играл вкупно во осум финалиња

-Дос Сантос Вандаир и Баже Илијоски се единствените кои имаат пехари со три различни екипи. „Кариоката“ со Цементарница, Вардар и Работнички, додека Илијоски со Работнички, Металург и Пелистер

- Баже Илијоски лани се запиша во историјата. Пет финалиња и пет победи. Интересно е тоа што Илијоски нема пораз во финалињата. Со Работнички се радувал против Милано, Металург и Тетекс а со Металург со Тетекс, и лани со Пелистер против Шкендија.

-Досега само Арѓент Беќири на еден меч постигнал три гола, тоа се случило во 2000 година кога Слога Ј ја совлада Победа со 6:0

-Наџи Шенсои (Пелистер) е петтиот странски тренер кој го освоил Купот. Претходно тоа го сториле Нецат Верлашевиќ (БиХ) со Слога Ј, Радмило Иванчевиќ (Србија) со Македонија ЃП, Драгољуб Беквалац (Србија) со Работнички, Бруно Акраповиќ (БиХ) со Шкендија.

- Шест пати куп победникот сме го добивале по изведувањето на пеналите. Тоа се случуваше во 1994 (Силекс - Пелистер), потоа во 1996 (Слога Ј - Вардар), па во 2003 (Цементарница - Слога Ј), следува 2009 (Работнички - Македонија ЃП), во 2013 (Тетекс - Шкендија) и лани 2017 (Пелистер - Шкендија). Значи тетовци двапати го губат купот на пенали

- Вардар, нашиот најтрофеен клуб и најтрофејниот во Купот, нема финале точно 12 години. Последен пат Вардар играше во финалето во 2007 година и тоа со Победа кога успеа да ја совлада

- И на двајцата тренери, Александар Таневски и Југослав Тренчовски по првпат ќе бидат тренери во големото финале. Кој ќе победи од нив за него тоа ќе биде деби триумф во Купот на Македонија.

КАПИТЕНИТЕ И ТРЕНЕРИТЕ НА ЕКИПИТЕ ФИНАЛИСТИ ЗА ОЧЕКУВАЊАТА ОД ФИНАЛЕТО

БОБИ БОЖИНОВСКИ (КАПИТЕН)

Тоа ќе биде интересно финале, така барем јас очекувам. Се среќаваат две квалитетни екипи, се среќаваат екипи кои имаат големо мотиви да го добијат овој натпревар на сезоната. Кога се игра финале секако дека психичката подготовка е многу важна, секако дека ќе решаваат нијансите, онаа екипа која ќе направи помалку грешки. Се знае дека искуството е кај нас а младоста, полетноста кај струмичани. Ќе ги имаме сите предуслови за едно големо финале, за убаво финале за вистинско уживање на сите кои ќе дојдат на Аренатa да го следат екипите на Македонија ЃП и Академија Пандев. Ние ќе играме борбено, агресивно, мотивирано, само така можеме на крајот да му се израдуваме на освојување на трофејот.

ЉУПЧЕ ДОРИЕВ (А.ПАНДЕВ)

Финалните натпревари секогаш се инспирација, посебно за нас фудбалерите. За мене, но и за нашиот клуб ова е прво финале и исклучително важен меч. Се подготвувавме одлично и ќе излеземе на Националната арена со една цел - да го донесеме трофејот во Струмица. Јасно е дека нема да биде воопшто лесно, иако имаме позитивен скор од првенството со Македонија Ѓ.П., но ова е сосема поинаков натпревар. Противникот е искусен тим и можеби тоа е предност во вакви финални натпревари, но квалитетот е на наша страна и ќе го дадеме максимумот од нашите можности да победиме.

АЛЕКСАНДАР ТАНЕВСКИ (ТРЕНЕР)

Македонија Ѓ.П. по еден деценија е во финале во Купот на Македонија и имаме голема можност со победа против Академија Пандев, дебитант во натпреварот за трофеј,да ги израдуваме нашите навивачи. Како и во секое финале, мотив сигурно нема да недостасува, напротив, фудбалерите ќе го дадат својот максимум, а колку тоа ќе биде доволно да се радуваме, ќе видиме по крајот на натпреварот. Ова е шанса за наш излез во Лигата на Европа и дополнителен мотив за победа. Во тимот имаме неколку фудбалери кои веќе имаат одиграно многу вакви дуели, знаат како да се носат со притисокот, а тоа е секако значајно во овој тип на натпревари. Академија Пандев покажа и низ дуелите од првенството дека се работи за исклучително квалитетна екипа, но ова е еден натпревар и се е можно. Шансите се подеднакви, можеби и среќата ќе игра улога и се надевам дека ќе биде на наша страна.

ЈУГОСЛАВ ТРЕНЧОВСКИ (А.ПАНДЕВ)

Ова е прво финале за Академија Пандев и историска можност да ја освоиме нашата прва титула која би била историска и за нашиот град. Струмица досега се нема радувано на голема фудбалска титула од македонскиот шампионат. Финалето против Македонија Ѓ.П. е ново искуство и за мене и за фудбалерите, но дефинитивно добра прилика да ставиме убав печат на оваа сезона во домашното првенство. Убедени сме дека ќе биде неизвесен натпревар. Македонија Ѓ.П. има искусни фудбалери. Стјепановиќ, Кировски, Божиновски, Јовановски имаат многу важни натпревари во своите нозе и надополнети со квалитетните фудбалери од Јужна Америка, сè секако, тим за почит. Нашите фудбалери го знаат сето тоа, го знаат и значењето на дуелот и се надевам дека ќе го дадеме најдоброто од себе да се претставиме во вистинско светло и да се надеваме на победа. Искуството е на страна на противникот, но потенцијалот е наша предност и се надевам дека в среда, на 22. мај ќе ја славиме титула која би била историска за Академија Пандев и за нашата Струмица.

SAVA
OSIGURUVANJE

БАЖЕ ИЛИЈОСКИ

ПЕТ ФИНАЛИЊА – ПЕТ ТРОФЕИ

Баже Илијоски, најдобриот стрелец во историјата на Првата лига со 145 голови, актуелен капитен на Работнички, е рекордер и во поглед на освоените пехари во Купот на Македонија. Интересно е тоа што тој има пет настапи во финалето во Купот и нема пораз, се радувал на сите пет трофеи. Биланс кој е вистински фудбалски раритет. Се започна во 2008 година во финалето во кое во Скопје екипата на Работнички го победи Милано со 2:0. Потоа во 2011 година на финалето во Прилеп, тогаш како фудбалер на Металург славеше со 2:0 против Тетекс. Во 2014 година, повторно како „романтичар“ се радуваше, сега против Металург со 2:0. Следната година исто како член на Работнички го освои четвртиот пехар и тоа против Тетекс кога беше 2:1. И на крај, во 2017 година во Струмица, Баже беше херојот на Пелистер против Шкендија, кога успеа да го постигне последниот гол во пенал - серијата и да му го донесе пехарот на битолскиот клуб.

Значи испаѓа дека ако сакаш пехар во Купот ангажирај го Баже, тој не губи во големото финале.



FANSHOP
www.fanshop.ffm.mk

Бул. АСНОМ бр.21,
1000 Скопје
Тел. +389 2 3204 470
Факс. +389 2 3165 448

www.ffm.mk
tv.ffm.mk
www.fanshop.ffm.mk

ЖАНКО САВОВ, ЧОВЕКОТ КОЈ ШТО ГО РЕШИ ПРВОТО ФИНАЛЕ

И СЕГА СУМ ГОРД НА ТОЈ ГОЛ...

Прво финале во Купот на самостојна Македонија. 23 мај 1993 година. Вардар и Пелистер, на трибините 25.000 гледачи, тогашниот Градски во Скопје беше преполн. Во ложата и тогашниот претседател Киро Глигоров. За Вардар во составот покрај другите и Марковски, Милошевски, Ќириќ, Јовановски, Костов, Филески, Савов, во Пелистер пак Милошевски, Грозданов, Јовановски, Т. Мицевски, В. Мицевски. Голема битка, но Жанко Савов влезе во историјата. Во таа 88.минута токму Савов ја тресе мрежата на легендарниот Петар Милошевски за еуфорија кај „комитите“, за тага кај „чкембарите“. Пехарот во рацете на вардарци.

„И сега сум горд на тој гол. Интересно беше тоа што пред само три - четири месеци тогаш јас од Пелистер дојдов во Вардар. Пред натпреварот им кажав на битолчани дека јас ќе ги „решам“, така и беше. Беше прекрасно, супер натпревар, две големи екипи. Засекогаш ќе се памети тој прв гол во едно финале во Купот. Имав среќа што тој гол беше мое дело. И сега, после 25-26 години посебни емоции има кај мене кога еве вака се присетуваме на тој голем меч, на тоа прво Куп финале“ се присетува Савов.

24 МАЈ 2009 ГОДИНА СТРУМИЧАНЕЦОТ ИМА ТРИУМФ НАД „ЛАВОВИТЕ“

ФИНАЛЕТО ВО КОЕ САШКО ПАНДЕВ ЈА ПОБЕДИ МАКЕДОНИЈА ЃП

ПЕХАРОТ ВО СЕМЕЈСТВОТО СТОЈКОСКИ

Интересно. Без разлика на тоа каков ќе биде исходот од големото финале, во семејството Стојкоски секако дека ќе се слави. Кристијан е синот, еден од најдобрите играчи на „пандевци“, додека Боби е таткото кој е во стручниот штаб на „лавовите“, значи ќе имаме дуел син против татко. Токму затоа без разлика кој ќе победи ќе биде запишано дека во домот на Стојкоски ќе дојде големиот трофеј, секако дека ќе има славје.

Ако некој знае како се победува во финалето, односно како се победува составот на Македонија ЃП, тогаш тоа секако дека е Сашко Пандев. Пред точно десет години, на 24 мај 2009 година на тогаш Градскиот стадион, се сретнаа Македонија ЃП и Работнички. „Лавовите“ таа сезона беа шампиони во првенството и посакуваа двојна круна. Но Сашко не дозволи да се оствари тој сон на многу генерации играчи на Македонија ЃП. Се играше судиското продолжение, резултатот беше 1:0 за ѓорчепетровци, почна радоста на трибините, на клупата на „лавовите“ веќе се славеше. Но тогаш од околу 25 метри оддлево центаршутот на Пандев се претвори во гол. Шок за Македонија ЃП, радост за Работнички. Во продолженијата немаше погодоци, се изведуваа пеналите. Во шестата серија дојде на ред да шутира Сашко Пандев, успеа да погоди и со тоа да му го донесе трофејот на Работнички а „лавовите“ да ги испрати во соблекувалната во солзи. Ќе видиме дали Сашко повторно ќе се радува или пак Македонија ЃП ќе го возврати ударот.

И БОЖИНОВСКИ СЕ РАДУВАШЕ...

На тој меч, исто така во тимот на Работнички, беше Боби Божиновски, сегашниот капитен на Македонија ЃП. Тогаш тој заедно со Сашко Пандев се радуваше на триумфот над „лавовите“. Во ова 27 финале, како предводник на Македонија ЃП секако дека посакува улогите да бидат обратни, овојпат тимот од Ѓорче да се радува на вториот свој пехар во историјата на клубот.

ФФМ
#СегаЕНашеВреме
СИТЕ НА
НАЦИОНАЛНА АРЕНА
ДА ДАДЕМЕ ПОДДРШКА ЗА
ЕВРОПСКО
MKD POL
07 JUNE | 20:45h
MKD AUT
10 JUNE | 20:45h
Karti
com.mk
mktickets
www.mktickets.mk
www.ffm.mk
www.fanshop.ffm.mk